# Клучни пораки за млади лекари и студенти

Разгледајте ги овие пораки како дополнување на оние за специфичните целни групи кои се однесуваат на вашата област на специјализација.

# Што можете да направите

1. Научете ги и применувајте ги сите препораки за употреба на антибиотици и превенција и контрола на инфекции што се релевантни за вашата област на специјализација [експертски консензус].
2. Кога ќе видите препишан антибиотик, прашајте го лекарот за индикацијата, изборот, дозата, начинот на апликација и времетраењето на лекувањето, за да утврдите дали се следат упатствата за антибиотици [69].

3. Доколку забележите дека членови на персоналот во болницата или здравствената установа ги прекршуваат упатствата или протоколите, прашајте ги зошто го прават тоа и дајте им насоки за да разберат што прават погрешно [69] [експертски консензус].

4. Пред да препишете антибиотик, треба да [25,26,53,70] [експертски консензус]:
• Побарате насоки и совети од повозрасен колега или член на тимот за рационална употреба на антибиотици;
• Проверите ги локалните, регионалните и националните епидемиолошки податоци.

5. Документирајте ја индикацијата за антибиотска терапија, изборот на лек, дозата, начинот на апликација и времетраењето на третманот во медицинското досие на пациентот [31,42,70,71].

6. Одговорете на следниве клучни прашања за да ја оптимизирате антибиотската терапија. Доколку се двоумите, консултирајте се со тимот за рационална употреба на антибиотици [31,42,53,70,71]:
а) Дали постои голема веројатност за бактериска инфекција, а не за колонизација или вирусна инфекција?
б) Дали се земени соодветни примероци за култура пред започнување на антибиотската терапија?
в) Дали проверивте за неодамнешна употреба на антибиотици, алергии на лекови, употреба на имуносупресивна терапија, неодамнешна хоспитализација или институционализација, неодамнешно патување надвор од Европа и микробиолошки резултати од последните 3 месеци?
г) Дали пациентот има инфекција на која ќе делуваат антибиотиците?
Ако да:

i. Дали на пациентот му е препишан соодветен антибиотик, со соодветна доза и соодветен начин на аплицирање?
ii. Дали може да се употреби антибиотик со потесен спектар за лекување на инфекцијата?
iii. Колку долго треба пациентот да прима антибиотик(ци)?

7. Осигурете се дека пациентите (и нивните семејства) ја разбираат причината за антибиотската терапија и клучните точки поврзани со употребата на антибиотици, вклучително и дека [31,69] [експертски консензус]:

а) Ги земаат антибиотиците точно како што се препишани;
б) Никогаш не чуваат антибиотици за подоцнежна употреба;
в) Никогаш не користат преостанати антибиотици од претходни лекувања; и
г) Никогаш не даваат преостанати антибиотици на други лица.